Изработила: Сузана Милошева - Левкова

| **Седмица: 32** **Час: 4**<br>**Датум:** | | | **Тема 7: Онлајн живеење**<br>**Наставна единица: Звучни и видео содржини од Интернет** | | | **Одделение:**<br>**IV** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Распоред (делови од часот) | Цели на учење | Критериуми на успех (очекувани резултати) | Активности<br>Опис | Организациони форми | Ресурси (средства и материјали) | Доказ за постигнувањата |
| 5 мин. | Да се оспособи за пронаоѓање и преслушување на звучни и видео содржини на Интернет | **<u>Сите можат:</u>**<br>да набројат излезни уреди со кои се следат аудио и видео содржини | Набројуваме излезни уреди и ја опишуваме функцијата на секој од нив. Кои од овие уреди ќе ги употребиме ако сакаме да следиме звучни или видео содржини? Најава на целта на часот: ќе пребаруваме и отвораме звучни и видео содржини од интернет. | 3<br>метод на разговор | Компјутери<br><br>LCD проектор<br><br>Веб прелистувач<br><br>Веб пребарувач<br><br>Учебник | Прашања<br>Одговори<br>Дискусија |
| 30 мин. | | **<u>Повеќето можат:</u>**<br>да пребаруваат аудио и видео содржини од Интернет | - Поведувам дискусија со прашањата: Кога ги користиме слушалките, а кога звучниците? Што е потребно да направиме кога слушаме музика на слушалки за да не го оштетиме слухот?<br>- За реализирање на овие активности треба да бидат пуштени вградените звучници во лаптоп компјутерите.<br>• Активност за пребарување и отворање звучни содржини од интернет. Кои клучни зборови ќе ги запишеме во веб пребарувачот ако сакаме да слушаме некоја радио станица од Македонија?<br>- Учениците внесуваат клучни зборови „Радио станици од Македонија“ и го отвораат првиот сајт. Во него од дадениот избор од радио станици со клик на хиперлинкот отвораат и слушаат разни радио станици.<br>• Активност за пребарување и отворање видео содржини од интернет.<br>- За следење видео содржини од серијата „5+ фамилија“, учениците предлагаат и испробуваат начини да следат видео – содржини од оваа серија на Интернет.<br>Можен начин за реализирање на оваа задача би бил: се отвора веб пребарувачот www.google.com и се пребаруваат веб страни со клучниот збор „5+ фамилија“. Со клик врз полето videos се пребаруваат видео содржини, со лев клик врз хиперлинкот се отвораат пронајдените резултати и се следи нивната содржина | 3<br>метод на разговор<br><br>метод на објаснување<br><br>И<br>метод на практична работа | | Дискусија<br><br>Отворен сајт со радио станици<br><br>Отворен сајт со видео клипови<br><br>Набљудување |
| 5 мин. | | **<u>Некои можат:</u>**<br>да објаснат начин на пребарување на аудио и видео содржини од Интернет | Усно се резимираат знаењата што ги стекнаа на овој час. | 3<br>метод на објаснување | | Дискусија |
| **Организација: Детали за поделбата по улоги / групи / возраста** | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **Клучна терминологија** |
| Воведен дел: Дискусија за звучник и монитор како излезни уреди<br>Главен дел: Активност за пребарување и следење аудио и видео информации од Интернет,<br>Завршен дел: Повторување на знаењата од часот | | | Да се пронајде веб страна која ги прикажува ТВ каналите од Македонија. | | | звучник,<br>слушалки. |

obrazovanie.literatura.mk